Република Северна Македонија
Republika o Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 03-56/6
31.10.25

Врз основа на членот 20 ставот 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот **П. А.** од Норвешка преку неговата застапничка **Е. Т.** имателот на информацијата – Државниот испитен центар, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот **П. А.** од Норвешка преку неговата застапничка **Е. Т.**, испратено по е-пошта на 13.10.2025 година и евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/6 од 27.10.2025 година **СЕ УВАЖУВА.**

**О б р а з л о ж е н и е**

Барателот **П. А.** од Норвешка преку неговата застапничка **Е. Т.** поднел по е-пошта барање за пристап до информации од јавен карактер до Министерството за образование и наука, кое на 13.10.2025 г. преку е-пошта е препратено до Државниот испитен центар. Барањето е евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/6 од 27.10.2025 година.

Во него, бара по е-пошта да се достави следната информација од јавен карактер:

1) Во кои години овој систем се применуваше и кога беше официјално укинат?
2) На кои класови (учебни години) се спроведуваше екстерната проверка во стручните средни училишта?
3) Која беше главната цел на воведувањето на системот на екстерна проверка во средното стручно образование?
4) Како резултатите од екстерната проверка влијаеја врз конечните оценки на учениците и завршувањето на средното образование?
5) Кои беа официјалните последици доколку ученикот не положеше (добиеше оценка 1) на екстерната проверка - дали тоа значеше дека ученикот не го завршил средното образование, или сепак можеше да добие диплома во зависност од вкупниот просек?
6) Кои закони, правилници или официјални одлуки го регулираа овој систем во периодот кога беше во сила?

Постапувајќи по барањето, Државниот испитен центар детално го разгледа и позитивно одговори согласно членот 20 ставот 1 и членот 21 ставот 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и до барателот ја дава следнава информација:

Во одговор на прашањето под точка 1) Овој систем се применуваше во периодот од 2013 г. до 2017 година.

Во одговор на прашањето под точка 2) Екстерната проверка во стручните средни училишта се спроведуваше во сите класови.

Во одговор на прашањето под точка 3) Главната цел на воведувањето на системот на екстерна проверка во средното стручно образование беше подобрување на квалитетот на наставата и оценувањето.

Во одговор на прашањето под точка 4) Резултатите од екстерната проверка влијаеа само на средниот успех.

Во одговор на прашањето под точка 5) Учениците добиваа диплома и ако имаат оценка 1, но со намален среден успех.

Во одговор на прашањето под точка 6) Законот за основното образование и Законот за средното образование.

Согласно барањето на барателот евидентирано во Државниот испитен центар под бр. 03-55/6 од 27.10.2025 година, а во врска со формата и начинот на доставување на информациите, на барателот одговорот – решението му се доставува преку е-пошта.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение дозволена е жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ**
**ИСПИТЕН ЦЕНТАР,**
**м-р Даниела Јовчевска Михајловска**

**Изготвила:** Сања Јосифовска

**Да се достави до:**
- барателот на информацијата и
- Архивата.